RESIS
ИНСТИТУТ ЗА
ИСТРАЖУВАЊЕ НА
ОПШТЕСТВЕНИОТ РАЗВОЈ

# КОМУНИКАЦИСКИ НАВИКИ, СТАВОВИ И ПОТРЕБИ НА ЛИЦАТА СО ТЕЛЕСНА ПОПРЕЧЕНОСТ

(АНКЕТА РЕАЛИЗИРАНА ВО ИСТОЧНИОТ И ЈУГОИСТОЧНИОТ РЕГИОН)



**Наслов:**
Истражување на комуникациските навики, знаења, потреби и интереси на ранливите групи граѓани (Источен и Југоисточен регион)

**Издавач:**
Институт за истражување на општествениот развој РЕСИС

**Истражувачки тим:**
Снежана Трпевска
Игор Мицевски
Јулијана Младеновска
Љубинка Поповска Тошева

**Техничко уредување:**
Симончо Симоновски

Оваа компаративна анализа е изработена за потребите на Институтот РЕСИС, во рамки на проектот „Поттикнување на граѓанскиот ангажман во локалното владеење“, поддржан од Националниот фонд за демократија (National Endowment for Democracy) од САД.

Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Институтот за истражување на општествениот развој РЕСИС и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Националниот фонд за демократија.

# КОМУНИКАЦИСКИ НАВИКИ, СТАВОВИ И ПОТРЕБИ НА ЛИЦАТА СО ТЕЛЕСНА ПОПРЕЧЕНОСТ

(АНКЕТА РЕАЛИЗИРАНА ВО ИСТОЧНИОТ И ЈУГОИСТОЧНИОТ РЕГИОН)



Скопје, јуни 2023 година

## Содржина


**Вовед** .... 3

За истражувањето .... 3

Примерок .... 3

**Преглед на клучните наоди** .... 4

Пристап до комуникациски технологии, пречки и навики на користење .... 4

Преференци за содржини и извори на информирање за домашните настани .... 4

Критички ставови за медиумите и начини на проверка на информациите .... 5

Користење интернет и облици на партиципација во јавната сфера .... 5

**Клучни наоди** .... 6

Комуникациски уреди во домаќинствата .... 6

Навики на користење на медиумите и комуникациските уреди .... 7

Пречки при користењето на комуникациските уреди и интернетот .... 8

Преференци за различни видови медиумски содржини .... 9

Извори на информирање за домашните настани .... 10

Ставови за телевизиите на национално ниво .... 11

Ставови за телевизиите на регионално и локално ниво .... 12

Во која мера се согласувате или не се согласувате со секој од следниве ставови за телевизиите на регионално и локално ниво? .... 12

Ставови за информативните портали .... 13

Проверка на точноста на информациите .... 14

Лицата со оштетен вид како корисници на интернет .... 15

Партиципација во јавната сфера .... 17

**Заклучоци** .... 18


# Вовед

## За истражувањето

Пристапот до технологиите, комуникациските канали и поседувањето вештини и способности за комуникација преку медиумите и јавната сфера се особено важни за развојот на сите општествени групи и за нивно вклучување во развојните политики на национално и локално ниво. Ова е од посебно значење за граѓаните кои живеат со различни облици на ранливост, било да се работи за ранливост поврзана со објективна попреченост (био-медицински модел), со нивото на индивидуален развој (функционален модел), или пак со ранливост конструирана и индуцирана од околината (социо-политички модел).

Овој кус извадок од целосниот извештај од истражувањето дава увид во секојдневните навики на користење на медиумите и комуникациските технологии на лицата со оштетен вид, но исто така и пречките и проблемите со кои тие се соочуваат до пристапот до медиумите и јавната сфера. Резултатите од ова истражување ќе послужат како поттик за различни активности на граѓанските организации кои работат на унапредување на правата на ранливите групи граѓани на локално ниво.

Истражувањето го спроведе Институтот за истражување на општествениот развој - РЕСИС, со поддршка на граѓански организации од Источниот и Југоисточниот регион[1]. Истражувањето е спроведено во рамки на проектот *Поттикнување на граѓанскиот ангажман во локалното владеење* – LocalActiveMedia поддржан од Националната фондација за демократија од САД.

## Примерок

ПримПримерокот на испитаници со телесна попреченост со кои беше реализирана анкетата се состоеше од 198 лица од Источниот и Југоисточниот регион. Анкетата ја реализираа активисти на граѓанските организации од двата региона, на намерен (квотен) примерок испитаници, изработен врз основа на податоците од Попис от во РСМ во 2021 година. Планираниот квотен примерок се состоеше од 580 испитаници со различен тип на попреченост во двата региона [2]. Максималната квота испитаници со телесна попреченост што беше поставена со анкетата изнесуваше 261 лица. Граѓанските активисти што работат со оваа група граѓани успеаја во анкетата да обезбедат учество на 198 лица со телесна попреченост, или 75.9% од планираната квота.

Од вкупниот број испитаници што учествуваа во анкетата, 44 беа лица кои воопшто можат да се движат, 61 со многу тешкотии, а 73 имаат извесни тешкотии при движењето. Во примерокот доминираат испитаниците на поголема возраст, или над 60 години 38,9%, од 50-59 години 24,2% и од 40-49 години 22,2%. Другите возрасни групи се помалку застапени. Важно е да се нагласи дека возраста на оваа група испитаници дополнително го зголемува нивото на нивната ранливост што несомнено се одразува и врз нивните комуникациски навики, проблеми и потреби

1 Во анкетата со четири категории ранливи групи учествуваа следните граѓански организации: Фондацијата за развој на локалната заедница од Штип, Едукативно-хуманитарната организација ЕХО Штип, Бравура Кооператива Делчево, КХАМ Делчево, Мобилност Кочани, Здружението на слепи лица Штип, Здружението на лица со телесна попреченост Штип и Черења Штип (Источен регион); Ресурсниот центар за одржлив развој Гевгелија, Организацијата на жени од Струмица, Мобилност Струмица, Полимат 13 Богданци и Женска акција Радовиш.

2 Поради недоволно деталните податоци од Пописот во примерокот не беа определени квоти врз основа на старосната и географската дистрибуција на овие популации, туку само врз основа на типот на попреченост.

# Преглед на клучните наоди

## Пристап до комуникациски технологии, пречки и навики на користење



- **Опрема во домаќинствата:** паметни телефони - 83,8%, стандарден ТВ - 75,2%, радио - 73,7%, компјутер - 66,7%, мобилен без интернет - 63,6%, паметен ТВ – 52%, таблети – 24,7%.
- **Пречки:** Отсуство на знаења и вештини за користење компјутер (47%), за пребарување Веб страници (44%) и за користење паметен телефон (35,9%). Потребна им е помош при користење компјутер (45,5%) и паметен телефон (38,4%). Немаат доволно средства за да набават паметен телефон (41%) или компјутер (41,1%).
- **Навики на користење:** гледање ТВ содржини – 96%, разговарање преку мобилен телефон - 87,4%, слушање радио - 36,3%, фотографирање – 31,8%, работа на компјутер – 26,8%, читање книги – 17,7%.

## Преференци за содржини и извори на информирање за домашните настани




- **Преферирани содржини:** вести (88,4%) и актуелно-политички емисии (68,2%), комични содржини (84,8%), музика (73,7%), филмови (69,7%), содржини за популарни личности (61,6%), едукативни содржини (58,1%), документарни филмови (57,6%), спорт (54,5%), совети за купување производи (50,5%), практични совети за готвење и домаќинство (47%), верски содржини (43,9%).
- **Извори на информирање:** национални ТВ (78,8%), регионални/локални ТВ (51,2%), информативните портали (48,1%), постови на пријатели на социјалните мрежи (47%), роднини и пријатели (39,4%), ТВ станици од соседни земји (13,1%), радио (12,6%), дневни весници (8,6%), вести на меѓународни ТВ канали (8,6%).



## Критички ставови за медиумите и начини на проверка на информациите



- **ТВ на национално ниво:** вестите се партиски обоени (62,1%), има сензационализам (50%), даваат различна слика за исти настани (43,4%), ги игнорираат мисле-њата на оваа група (47,5%) и негативно ги прикажуваат лицата со телесна попреченост (39,9%).
- **ТВ на регионално и локално ниво:** вестите се партиски обоени (63,7%), има сензационализам (46,4%), даваат различна слика за исти настани (44,5%), ги игнорираат мислењата на луѓето со оштетен вид (40,4%) и негативно ги прикажуваат лицата со телесна попреченост (37,4%).
- **Информативни портали:** вестите се партиски обоени (68,8%), има сензационализам (57,1%), даваат различна слика за исти настани (56,2%), се навредуваат поединци и групи (50,9%), ги игнорираат мислењата на луѓето со телесна попреченост (43,8%).
- **Проверка на информациите:** најчесто преку разговори со други луѓе (60,1%), но значаен процент и самостојно пребаруваат и споредуваат со релевантни извори (26,8%).

## Користење интернет и облици на партиципација во јавната сфера



- **Користење интернет:** 84,4% од испитаниците со телесна попреченост користат интернет самостојно (68,7%) или со асистенција на друго лице (15,7%). Онлајн одат најчесто од мобилен телефон (85,6%), а поретко од компјутер (50,9%).
- **Активности на интернет:** комуникација преку социјални мрежи (77,3%), комуникација преку Скајп, Вибер, Месинџер (65,3%), слушање музика (43,2%), информирање од веб-страници (31,2%), пребарување информации за работа или студии (28,8%), играње онлајн игри (25,2%), пребарување огласи за прои-зводи и услуги (23,4%), преземање видеа (22,2%).
- **Најретки активности:** електронско банкарство и плаќање сметки (16,8%), купување производи и услуги (18,6%), учество во онлајн форуми (10,2%).
- **Учество во јавната сфера:** коментари на мрежите (54%), споделување линкови на мрежите (49%), коментари на портали или веб-страници (31,8%), контакти со новинари (13,2%), јавувања во емисии (13,2%).

# Клучни наоди

## Комуникациски уреди во домаќинствата

- Од паметните уреди, домаќинствата на испитаниците со телесна попреченост најчесто имаат паметен телефон (83,8%), повеќе од две третини имаат персонален компјутер (66,7%), а нешто над половината домаќинства имаат паметен телевизор со интернет (52%). Таблети има само во една четвртина од домаќинствата (24,7%).
- Лицата со телесна попреченост во овие домаќинства најчесто користат паметен телефон со интернет (75,2%), а околу една половина користат и други паметни уреди, како персонален компјутер (52,6%) или паметен телевизор (47%).
- Од аналогните уреди, стандарден телевизор има во 75,2%, радио во 73,7%, а мобилен телефон без пристап до интернет во 63,6% од домаќинствата.
- Најчесто користени аналогни уреди се: стандарден телевизор (67,7%), а потоа радио (52,6%). Мобилните телефони без интернет ги користат само една третина (33,8%) од испитаниците со телесна попреченост во анкетираните домаќинства..

### Кои електронски или комуникациски уреди ги имате, односно ги користите во домот во кој живеете?




| ТЕЛЕСНА ПОПРЕЧЕНОСТ | Го има лично и го користи | Го има лично, но не го користи | Го има во домот и го користи заеднички | Го има во домот, но не го користи | Го нема |
|---|---|---|---|---|---|
| Паметен мобилен телефон (со интернет) | 70,7% | 3,5% | 4,5% | 5,1% | 16,2% |
| Мобилен телефон (без интернет пристап) | 30,8% | 22,2% | 3,0% | 7,6% | 36,4% |
| Стандарден телевизор (без интернет) | 48,0% | 3,5% | 19,7% | 4,0% | 24,7% |
| Паметен телевизор (со интернет) | 35,4% | ,5% | 11,6% | 4,5% | 48,0% |
| Радио | 25,8% | 3,5% | 24,7% | 19,7% | 26,3% |
| Персонален компјутер или лаптоп | 36,4% | 2,0% | 16,2% | 12,1% | 33,3% |
| Таблет или читач на електронски книги | 9,1% | 1,5% | 8,6% | 5,6% | 75,3% |

## Навики на користење на медиумите и комуникациските уреди

- Убедливо најчеста активност на испитаниците со телесна попреченост е гледањето телевизија (96%), а како втора најчеста активност во текот на денот или неделата е разговарањето со други луѓе преку мобилен телефон (87,4%).
- Поретки, но сепак важни активности на оваа група испитаници се: слушањето радио (36,3%), фотографирањето (31,8%) и работењето на компјутер (26,8%).
- Значителен број од испитаниците го користат своето време и за активности како снимање видео-клипови (20,7%), играње видео-игри (19,2%), а нешто помалку читање книги (17,7%) и читање весници или списанија (16,1%). .

### Последниве три месеци, колку често сте ги правеле следниве активности?




| ТЕЛЕСНА ПОПРЕЧЕНОСТ | Секој ден | Неколку пати неделно | Неколку пати месечно | Еднаш | Воопшто не |
|---|---|---|---|---|---|
| Гледање/користење телевизија | 88,4% | 7,6% | 2,5% | ,5% | 1,0% |
| Одење на кино | ,5% | 1,0% | 6,1% | 5,1% | 87,4% |
| Одење на театар | ,5% | 1,0% | 5,1% | 12,6% | 80,8% |
| Слушање радио | 13,6% | 22,7% | 13,1% | 13,1% | 37,4% |
| Читање печатен весник или списание | 4,5% | 11,6% | 19,7% | 13,1% | 51,0% |
| Читање книга | 5,6% | 12,1% | 15,2% | 15,2% | 52,0% |
| Работење на компјутер (учење, професионални потреби, хоби) | 15,7% | 11,1% | 11,1% | 8,1% | 54,0% |
| Играње видео игри (на конзола, на компјутер или на мобилен) | 10,6% | 8,6% | 9,6% | 4,5% | 66,7% |
| Користење мобилен телефон за разговори | 79,3% | 8,1% | 5,1% | ,5% | 7,1% |
| Фотографирање | 21,7% | 10,1% | 25,3% | 8,1% | 34,8% |
| Снимање видео клипови | 13,6% | 7,1% | 18,7% | 11,6% | 49,0% |

## Пречки при користењето на комуникациските уреди и интернетот

- Речиси половина од испитаниците (47%) навеле дека немаат доволно знаења и вештини за работа на компјутер, па оттаму, очекувано е што 45,5% рекле дека им е потребна помош при користењето на компјутерот.
- Иако голем процент од лицата со телесна попреченост користат паметен телефон, повеќе од една третина (38,4%) се изјасниле дека им треба помош од друг човек, а 35,9% дека немаат знаење и вештини за да го користат овој уред.
- Други видови пречки при користењето на комуникациските технологии се: недоволно знаење и вештини за пребарување содржини на веб страници (44%), како и тоа што веб страниците не се дизајнирани според потребите на лицата со попреченост (45,5%).
- Забележителен процент навеле дека немаат доволно средства за набавка на паметен телефон (41%), или на компјутер (41,4%).
- Во оваа ранлива група има и мал број испитаници со оштетување на видот и на слухот: првите имаат потешкотии при следење телевизиска програма кога нема дополнителен звучен опис (25,3%), а вторите кога нема знаковен јазик или титли (16,7%).

### Проблеми и пречки при користењето на комуникациските технологии, медиумите и интернетот




| ТЕЛЕСНА ПОПРЕЧЕНОСТ | Целосно е точно | 2 | 3 | 4 | Воопшто не е точно |
|---|---|---|---|---|---|
| Немам знаење и вештини за работа на компјутер | 35,9% | 11,1% | 17,7% | 3,5% | 31,8% |
| Немам пристап до соодветна помошна технологија што ќе ми ја олесни работата на компјутер | 42,9% | 5,6% | 15,2% | 6,1% | 30,3% |
| Ми треба помош од друг човек при користење компјутерот | 38,9% | 6,6% | 10,1% | 6,6% | 37,9% |
| Немам доволно финансиски средства да купам компјутер | 31,3% | 10,1% | 11,1% | 12,1% | 35,4% |
| Тешко ми е да следам филмови на домашните ТВ канали кога немаат дополнителен звучен опис | 37,9% | 6,1% | 11,6% | 9,1% | 35,4% |
| Немам знаења и вештини за пребарување содржини на веб страници | 38,9% | 6,6% | 26,3% | 6,1% | 22,2% |
| Веб страниците генерално не се дизајнирани според потребите на лицата со попреченост | 25,3% | 15,7% | 8,1% | 9,6% | 41,4% |
| Немам доволно финансиски средства за да купам паметен телефон со пристап до интернет | 25,8% | 10,1% | 7,6% | 11,1% | 45,5% |
| Немам знаење и вештини за користење паметен телефон со пристап до интернет | 30,8% | 7,6% | 9,1% | 9,1% | 43,4% |
| Ми треба помош од друг човек при користењето паметен телефон | 52,8% | 14,6% | 14,6% | 6,7% | 62,9% |



## Преференци за различни видови медиумски содржини

- Лицата со телесна попреченост најмногу гледаат вести на домашните медиуми (88,4%), а потоа различни видови забавни програми: комични содржини (84,8%), музички спотови (73,7%), играни филмови (69,7%) и содржини за популарни личности од филмот и естрадата (61,6%).
- Две третини од испитаниците (68,2%) се изјасниле и дека гледаат дебатни емисии, читаат колумни иразлични други политички содржини.
- Значаен процент од овие испитаници сакаат и различни видови едукативни содржини (58,1%), документарни филмови (57,6%), но исто така и спортски содржини (54,5%).
- Околу половина од лицата со телесна попреченост гледаат и видеа и содржини кои им помагаат да купат одредени продукти (50,5%), или пак видеа и други содржини со корисни совети за готвење, домаќинство и сл. (47%).
- Голем е и бројот на испитаниците кои сакаат да следат верски содржини (43,9%). .

### Дали и какви медиумски содржини најчесто користите: гледате, слушате или читате?




| ТЕЛЕСНА ПОПРЕЧЕНОСТ | Да | Не |
|---|---|---|
| Вести на домашните медиуми | 88,4% | 11,6% |
| Музички спотови | 84,8% | 15,2% |
| Комични содржини | 73,7% | 26,3% |
| Видеа и други содржини со едукативни содржини | 69,7% | 30,3% |
| Видеа и други содржини со совети за готвење, домаќинство и сл. | 68,2% | 31,8% |
| Содржини за популарни личности од филмот и естрадата | 61,6% | 38,4% |
| Политичка содржина (пр. дебатни емисии, колумни и сл.) | 58,1% | 41,9% |
| Спортски содржини | 57,6% | 42,4% |
| Видеа и други содржини што ви помагаат да купите определени производи | 54,5% | 45,5% |
| Играни филмови | 50,5% | 49,5% |
| Документарни филмови | 47,0% | 53,0% |
| Верски содржини | 43,9% | 56,1% |

## Извори на информирање за домашните настани

- Лицата со телесна попреченост најчесто за домашните настани во Македонија се информираат од ТВ вестите на домашните национални ТВ станици (78,8%) и од вестите на домашните регионални и локални ТВ станици (51,2%).
- Трет важен најважен извор на информации за овие испитаници се информациите објавени на информативните портали (48,1%), а потоа и постовите на пријателите објавени на социјалните мрежи (47%).
- Разговорите со блиски лица кај оваа категорија испитаници е четврт извор на информирање (или на проверка на она што се случило): 39,4% од испитаниците секојдневно разговараат со блиски луѓе за домашните случувања.
- Радиото и дневните весници се редовен извор на информирање на помал процент испитаници: од радио секојдневно се информираат 12,6%, а од дневни весници 8,6% од анкетирните лица со телесна попреченост.
- ТВ вестите на телевизиските канали од соседните земји (13,1%) и меѓународните ТВ канали (8,6%) се користат речиси со иста зачестенот како радиото и дневните весници.

### Колку често за домашните настани во Македонија, се информирате од следните извори




| ТЕЛЕСНА ПОПРЕЧЕНОСТ | Секој ден или речиси секој ден | Најмалку еднаш неделно | Најмалку еднаш месечно | Помалку од еднаш месечно | Никогаш |
|---|---|---|---|---|---|
| Од вестите на домашните национални ТВ станици | 78,8% | 11,6% | 2,5% | 3,0% | 4,0% |
| Од вестите на домашните локални ТВ станици | 51,5% | 23,2% | 11,1% | 6,1% | 8,1% |
| Од вестите на ТВ станиците од соседните земји (РТ Косово, РТ Србија, РТ Албанија, Al Jazeera идр.) | 13,1% | 10,6% | 12,1% | 16,2% | 48,0% |
| Од вестите на меѓународни ТВ канали (CNN, BBC, Deutche Welle и др.) | 8,6% | 5,1% | 6,1% | 9,1% | 71,2% |
| Од вести на радио | 12,6% | 13,6% | 13,6% | 13,6% | 46,5% |
| Од дневни весници | 8,6% | 9,6% | 15,7% | 14,1% | 52,0% |
| Од разговори со роднини, пријатели и колеги | 39,4% | 24,2% | 19,7% | 8,1% | 8,6% |
| Од информативни портали - вклучувајќи и агрегатори | 48,1% | 11,6% | 5,5% | 5,0% | 29,8% |
| Од постовите и коментарите на вашите пријатели на Facebook | 47,0% | 13,6% | 6,6% | 3,5% | 29,3% |



## Ставови за телевизиите на национално ниво

Поголемиот број анкетирани лица со телесна попреченост имаат главно критички ставови кон начинот на информирање на телевизиите на национално ниво:

- 62,1% се согласуваат (целосно или главно) со ставот дека повеќето вести што се објавуваат на овие телевизии се партиски обоени;
- половина од испитаниците (50%) сметаат дека во вестите на овие телевизии има сензационализам, но речиси третина (28,3%) не се согласиле со овој став;
- нешто помалку од половината испитаници (43,4%) сметаат дека во ТВ вестите тие даваат различна слика за едни исти настани.

Во однос на начинот на кој националните телевизии известуваат за припадниците на различни општествени групи, вклучително и за лицата со сетилна попреченост, ставовите се поделени:

- 36,4% се согласиле со ставот дека во програмите на овие телевизии често се навредуваат поединци или групи врз која било основа, а речиси исто толку (37,4%) не се согласиле со овој став;
- 39,9% се согласиле дека националните телевизии негативно ги прикажуваат луѓето со телесна попреченост, а нешто помалку (35,8%) не се согласиле со ваквиот став.

Во поглед на пристапот на лицата со телесна попреченост до програмите на националните телевизии, повторно ставовите се поделени:

- 47,5% се согласиле дека националните телевизии ги игнорираат мислењата на луѓето со телесна попреченост, а 26,7% не се согласиле со овој став;
- 33,9% сметаат дека националните телевизии не известуваат доволно за потребите на лицата со телесна попреченост, но 41,9% не се согласуваат со ваквиот став.

### Во која мера се согласувате или не се согласувате со секој од следниве ставови за домашните телевизии на национално ниво?



## Ставови за телевизиите на регионално и локално ниво

Во поглед на начинот на информирање на телевизиите на регионално и локално ниво, лицата со телесна попреченост имаат скоро исти критички ставови како за домашните телевизии на национално ниво:

- 63,7% се согласиле (целосно или главно) со ставот дека повеќето вести што се објавуваат на регионалните и локалните телевизии се партиски обоени;
- 46,4% се согласиле со ставот дека во вестите на овие телевизии има сензационализам;
- 44,5% се согласиле со ставот дека во ТВ вестите тие даваат различна слика за едни исти настани.

Во поглед на начинот на кој овие телевизии известуваат за припадниците на различни општествени групи, вклучително и за лицата со сетилна попреченост, ставовите се поделени:

- 36,9% се согласиле со ставот дека во вестите на овие телевизии често се навредуваат поединци или групи врз која било основа, а 29,8% не се согласиле со ваквиот став.
- 37,4% се согласиле со ставот дека луѓето со телесна попреченост негативно се претставуваат на регионалните и локалните телевизии, додека 36,3% не се согласиле дека ова е така.

Ставовите се поделени и во поглед на пристапот на лицата со телесна попреченост до програмите на регионалните и локалните телевизии:

- р40,4% се согласиле со ставот дека овие телевизии ги игнорираат мислењата на луѓето со телесна попреченост, додека 28,3% не се согласиле со овој став;
- 33,4% сметаат дека овие телевизии не известуваат за проблемите и потребите на луѓето со телесна попреченост, но 43,4% не се согласиле со овој став.

**Во која мера се согласувате или не се согласувате со секој од следниве ставови за телевизиите на регионално и локално ниво?**




## Ставови за информативните портали

Испитаниците со телесна попреченост кои користат интернет (вкупно 167 испитаници или 84,4%) имаат критички ставови кон информативните портали:

- Две третини или 68,8% се согласиле (целосно или главно) дека повеќето вести на порталите се партиски обоени;
- 57,1% се согласиле со ставот дека во вестите на порталите има сензационализам;
- 56,2% сметаат дека порталите даваат различна или искривена слика за исти настани;
- 50,9% сметаат дека во вестите на порталите често се навредуваат поединци или групи, а само 15% не се согласуваат со овој став.

Во поглед на начинот на информирање за различни општествени групи, вклучително и за лицата со телесна попреченост, ставовите се главно критички:

- 39,6% се согласуваат со ставот дека нивната група негативно се претставува во вестите на порталите, 31,8% не се согласиле со овој став.
- 43,8% се согласиле со ставот дека порталите ги игнорираат мислењата на луѓето со телесна попреченост;
- 38,4% сметаат дека порталите не известуваат за проблемите и потребите на луѓето со телесна попреченост, додека 35,4% не се согласиле со овој став.

**Во која мера се согласувате со секој од следниве ставови за информативните портали?**



## Проверка на точноста на информациите

Во ситуациите кога не се сигурни во објавените информации, лицата со телесна попреченост најчесто ги применуваат следните тактики на проверка на точноста на информациите:

- разговори со други луѓе, членови на семејството или пријатели во нивната блиска околина – 60,1% тоа го прават секогаш или често, а 36,9% одговориле дека понекогаш го прават тоа;
- повеќе од половина од испитаниците (58,1%) одговориле дека ги игнорираат или отфрлаат сите објавени информации кога не се сигурни во нивната точност, а 34,8% тоа го прават само понекогаш.
- 39,9% редовно се потпираат на информациите од еден извор на кој му веруваат, а 35,4% тоа го прават понекогаш.

Оваа категорија граѓани поретко ја проверува точноста на информациите со постапки што бараат поголем напор и повеќе знаења и вештини:

- 32,9% ги споредуваат објавените прилози и прифаќаат дел од содржината од секој различен медиум, а 39,4% го прават тоа понекогаш;
- 26,8% самите истражуваат и прават споредба со информации од релевантни извори, а 29,3% од испитаниците тоа го прават понекогаш;
- 33,8% ги проверуваат информациите на постовите од пријатели на социјалните мрежи, а 28,3% ги проверуваат информациите со граѓанските здруженија..

### Што правите ако забележите големи и суштински разлики во информирањето за исти настани на медиумите што вие ги следите?




| ТЕЛЕСНА ПОПРЕЧЕНОСТ | Секогаш | Често | Понекогаш | Никогаш |
|---|---|---|---|---|
| Ги отфрлате или ги игнорирате сите објавени информации за тој настан | 21,2% | 36,9% | 34,8% | 7,1% |
| Ги споредувате објавените прилози и прифаќате дел од содржината од секој различен медиум | 6,1% | 26,8% | 39,4% | 27,8% |
| Самите истражувате и правите споредба со информации од релевантни извори (на пример проверувате официјални веб страници, документи ...) | 7,6% | 19,2% | 29,3% | 43,9% |
| Ги прифаќате информациите од еден извор на кој му верувате (еден канал, еден весник, еден онлајн информативен портал) | 10,1% | 29,8% | 35,4% | 24,7% |
| Разговарате со членови на семејството, пријатели или други луѓе за мислење и потоа го формирате вашиот став | 15,7% | 44,4% | 36,9% | 3,0% |
| Ги проверувате информациите со граѓанско здружение за да формирате мислење | 8,6% | 19,7% | 27,8% | 43,9% |
| Ги проверувате постовите на социјалните мрежи (Фејсбук, Твитер) за да формирате мислење | 13,6% | 20,2% | 21,7% | 44,4% |



## Лицата со оштетен вид како корисници на интернет

- Вкупно 84,4% од испитаниците со телесна попреченост навеле дека користеле интернет самостојно (68,7%) или со асистенција на друго лице (15,7%) а 15,7% се изјасниле дека никогаш не користеле интернет.

### Дали некогаш сте користеле интернет?




| ТЕЛЕСНА ПОПРЕЧЕНОСТ | Не, никогаш не сум користел интернет | Да, сум користел интернет и БЕЗ асистенција од друг човек | Да, сум користел интернет - НАЈЧЕСТО СО асистенција од друг човек |
|---|---|---|---|
| Дали и колку често во текот на последната година сте испратиле допис до медиумска редакција | 15,7% | 68,7% | 15,7% |

- Од испитаниците со телесна попреченост кои користат интернет, самостојно или со туѓа помош, до интернет најчесто пристапуваат (секојдневно или неколку пати неделно) од мобилен телефон (85,6%), а половината (50,9%) од компјутер.
- Од активностите што ги прават онлајн најчесто ги наведуваат: комуникацијата преку социјални мрежи (77,3%), разговорите или допишувањето преку Скајп, Вибер, Месинџер, ВатсАп и сл. (65,3%) или преземање музика (43,2%).
- Друга група онлајн активности, кои релативно често ги прават овие испитаници се: читање содржини на Веб страници (31,2%), пребарување информации за работа или студии (28,8%), играњи онлајн игри (25,2%), пребарување информации за производи и услуги (23,4%) и гледање и преземање ТВ содржини и видеа (22,2%).
- Активностите за кои се потребни понапредни вештини и знаења поретко се практикуваат: купување производи онлајн (18,6%), електронско банкарство (16,8%), преземање апликации и софтвер (16,8%),
- Партиципативните практики на користење на медиумите и интернетот се уште поретки: поставување содржини кои испитаниците сами ги креирале (15%), одржување веб страница или блог (12%), учество во форуми и онлајн дебати (10,2%).

### Колку често Вие лично или со помош на некој друг го правите следново на интернет?




| ТЕЛЕСНА ПОПРЕЧЕНОСТ | Секој ден | Неколку пати неделно | Неколку пати месечно | Еднаш месечно | Воопшто не |
|---|---|---|---|---|---|
| Одите на интернет преку мобилен телефон | 77,8% | 7,8% | 8,4% | 1,8% | 4,2% |
| Одите на интернет преку компјутер | 34,7% | 16,2% | 10,8% | 3,6% | 34,7% |
| Испраќате или добивате електронска пошта | 22,2% | 17,4% | 15,0% | 7,2% | 38,3% |
| Комуницирате преку социјални мрежи (Facebook, Twitter, Instagram, Pinterest итн.) | 69,5% | 7,8% | 4,8% | 5,4% | 12,6% |
| Разговарате или се допишувате преку Скајп, Вибер, Месинџер, ВатсАп, Хенгаутс и сл. | 49,7% | 15,6% | 12,0% | 7,2% | 15,6% |
| Играте онлајн игри | 18,0% | 7,2% | 6,6% | 9,0% | 59,3% |
| Преземате апликации или софтвер | 9,6% | 7,2% | 11,4% | 8,4% | 63,5% |
| Слушате или преземате музика | 24,0% | 19,2% | 10,2% | 6,0% | 40,7% |
| Гледате или преземате ТВ содржини или видеа | 15,0% | 7,2% | 10,8% | 8,4% | 58,7% |
| Пребарувате информации за вашата работа или студии | 18,0% | 10,8% | 13,2% | 7,8% | 50,3% |
| Читате, преземате или проследувате информативни содржини од веб страници | 18,0% | 13,2% | 14,4% | 7,2% | 47,3% |
| Одржувате веб - страница или блог | 9,0% | 3,0% | 4,2% | 1,2% | 82,6% |
| Поставувате и проследувате содржина што самите сте ја креирале | 11,4% | 3,6% | 10,2% | 7,8% | 67,1% |
| Учествувате во онлајн дебати и форуми за граѓански или политички прашања | 8,4% | 1,8% | 6,0% | 10,2% | 73,7% |
| Посетувате веб страници на јавни институции | 10,2% | 6,0% | 12,6% | 13,8% | 57,5% |
| Пребарувате огласи и информации за производи и услуги | 15,6% | 7,8% | 19,8% | 13,2% | 43,7% |
| Користите електронско банкарство и плаќате сметки | 13,2% | 3,6% | 6,0% | 6,0% | 71,3% |
| Купувате производи или услуги за лична употреба | 13,8% | 4,8% | 15,6% | 13,2% | 52,7% |



## Партиципација во јавната сфера

Лицата со телесна попреченост своите мислења и ставови за различни прашања најчесто ги искажуваат на социјалните мрежи:

- 54% повеќе пати постирале лични коментари на мрежите;
- 49% споделиле линкови или други информации на мрежите;
- 31,8% коментирале на веб страници и информативни портали.

Директната комуникација со конкретни медиуми е поретка, но сепак не е занемарлива:

- 25,7% писмено се обратиле до државни институции преку е-мајл.
- 18,2% напишале текст за блог
- 13,2% контактирале директно со новинар или уредник на некој медиум, а ист процент се јавувале во контактна радио или ТВ емисија.

### Дали и колку често во текот на последната година сте направиле нешто од следново:




| ТЕЛЕСНА ПОПРЕЧЕНОСТ | Да, повеќе пати | Да, само еднаш | Не |
|---|---|---|---|
| Дали и колку често во текот на последната година сте испратиле допис до медиумска редакција | 3,0% | 6,1% | 90,9% |
| Дали и колку често во текот на последната година директно сте контактирале со новинар или уредник | 5,1% | 8,1% | 86,9% |
| Дали и колку често во текот на последната година сте учествувале во контактна радио или ТВ емисија | 6,1% | 7,1% | 86,9% |
| Дали и колку често во текот на последната година сте постирање лични коментари на социјалните мрежи како Facebook, Twitter итн. | 36,9% | 12,1% | 51,0% |
| Дали и колку често во текот на последната година сте споделиле линкови и други информации на социјалните мрежи како Facebook, Twitter итн | 39,9% | 14,1% | 46,0% |
| Дали и колку често во текот на последната година сте напишале текст за блог | 10,6% | 7,6% | 81,8% |
| Дали и колку често во текот на последната година сте коментирале на Веб страници и Информативни портали | 18,2% | 13,6% | 68,2% |

# Заклучоци

## Пристап до технологии, пречки и навики на користење на технологиите

1. Домаќинствата во кои живеат лицата со телесна попреченост од двата региона имаат релативно добар пристап до паметни комуникациски уреди: најмногу имаат паметни телефони (83,8%), потоа персонални компјутери (66,7%), а во нешто помал број домаќинства има паметни телевизори (52%) и таблети (24,7%).

2. Проблеми при користењето на технологиите за овие лица се: недостатокот на вештини за работа на компјутер (47%), за пребарување содржини на интернет (44%), и во значително помала мера за користење паметен телефон (35,9%). За добар дел од оваа група испитаници, проблем е и недостигот на финансиски средства за да набават поаматен телефон (41%) или компјутер (41,1%).

3. Најголем дел од времето оваа група граѓани го минува пред телевизорот (96%) и во разговори на мобилен телефон (87,4%). За други активности поврзани со користење на технологиите или медиумите одвојуваат помалку време: слушање радио - 36,3%, фотографирање - 31,8%, работа на компјутер - 26,8%, читање книга – 17,7%.

## Преференци за содржини и извори на информирање за домашните настани

4. Лицата со телесна попреченост имаат голем интерес за вести (88,4%) и актуелно-политички содржини (68,2%). Скоро со еднаков интерес следат и забавни содржини: комични содржини (84,8%), музика и музички спотови (73,7%), играни филмови (69,7%), видеа и други содржини за популрни личности од филмот и естрадата (61,6%). Не е мал интересот на овие испитаници и за едукативни содржини (58,1%), документарни филмови (57,6%) и спорт (54,5%), како и за содржини со корисни совети за производи (50,5%). Оваа категорија испитаници покажува поголем интерес за верски содржини (43,9%).

5. (Примарен извор на информирање за домашните настани за оваа група граѓани е телевизијата, пред се вестите на ТВ станиците на национално ниво (78,8%), а потоа на вестите на регионалните и локалните ТВ станици (51,2%). Паралелно со ТВ станиците, важен извор на информации за нив се информативните портали (48,1%) и социјалните мрежи (47%). Во помала мера се потпираат на разговорите со блиски лица како извор на информации (39,4%), а најмалку на радиото (12,6%) и на дневните весници (8,6%).

## Критички ставови за медиумите и начини на проверка на информациите

6. Испитаниците со телесна попреченост имаат нешто помалку изразени критички ставови за домашните телевизии на национално ниво, во споредба со другите ранливи групи: речиси две третини (62,1%) сметаат дека вестите на овие телевизии се партиски обоени, половина (50%) сметаат дека има сензационализам и помалку од половина (43,4%) сметаат дека даваат различна слика за едни исти настани. Сепак, значаен процент (47,5%) сметаат дека националните телевизии ги игнорираат мислењата на оваа група. Слични се и нивните ставови за телевизиите на регионално и локално ниво.

7. Голем процент од овие испитаници користат интернет, па оттаму и нивните ставови кон информативните портали се покритични: сметаат дека се партиски обоени (68,8%), полни со сензационализам (57,1%), со искривено претставување на настаните (56,5%), со чести навреди кон групи и поединци (50,9%).

8. Најчест начин за проверка на информациите за лицата со телесна попреченост се разговорите со други луѓе во нивната блиска околина (60,1%), но кај оваа група се забележува и почеста примена на други тактики на проверка на веродостојноста на информациите: 33,8% ги проверуваат информациите на постовите на социјалните мрежи, 32,9% ги споредуваат објавените прилози и градат своја слика, 26,8% рекле дека самите истражуваат и прават споредба со информации од релевантни извори.

## Користење интернет и облици на партиципација во јавната сфера

9. Лицата со телесна попреченост кои користат интернет, најчесто одат онлајн од мобилен телефон (85,6%), а половина од компјутер (50,9%). Активности што најчесто ги прават онлајн се: комуницирање преку социјалните мрежи (77,3%), а потоа комуницирање преку апликации како Скајп, Вибер, Месинџер, ВатсАп и сл. (65,3%). Речиси една третина читаат Веб страници (31,2%), или пребаруваат информации за работа или учење (28,8%). Другите понапредни облици на користење интернет се поретки, но сепак оваа категорија граѓани ги практикува почесто од другите ранливи групи.

10. Лицата со телесна попреченост во јавната сфера се најчесто присутни преку: коментирање на социјалните мрежи (54%), споделување линкови (49%), постирање коментари на Веб страници и информативни портали (31,8%), но значаен процент контактирале и новинари (13,2%) или се јавувале директно во емисии (13,2%).

RESIS
ИНСТИТУТ ЗА
ИСТРАЖУВАЊЕ НА
ОПШТЕСТВЕНИОТ РАЗВОЈ
www.resis.org.mk